# 20 КОНГРЕС НА ССМ

**Предлог**

# СТАТУТ

# НА

# СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

**2020 година**

Врз основа на член 7, точка 4, алинеа 1 од Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија бр.0702-441 од 19.12.2013 година, Конгресот на Сојузот на синдикатите на Македонија на --------- го донесе следниот:

# С Т А Т У Т
# НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

1. Сојузот на синдикатите на Македонија (во натамошниот текст: ССМ) е организација во која доброволно и врз демократска основа се здружуваат синдикатите. ССМ ги обединува и ги застапува заедничките општествени, економски, социјални и културни интереси на здружените синдикати.

2. Во ССМ се здружени следниве синдикати-членки:

- Синдикат на работниците од агроиндустрискиот комплекс на РМ (АГРО Синдикат);
- Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ);
- Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање на Македонија (СГИП);
- Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на РМ (УПОЗ);
- Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ;
- Синдикат на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ (СТКЧ);
- Синдикат на индустрија, енергетика и рударство на Македонија (СИЕР);
- Самостоен Синдикат на работниците од енергетика и стопанство на Македонија (ССЕСМ);
- Синдикат на работниците од сообраќај и врски на РМ (СРСВМ);

- Синдикат на хемија, неметали и метали на Македонија (СХНМ);
- Македонски полициски синдикат (МПС);
- Синдикат на поштенските и телекомуникациските работници на Македонија (СПТРМ);
- Синдикат на работниците од трговија на РМ (СРТ);
- Синдикат на графичка, информативна, филмска, издавачка дејност и производство на хартија на РМ (ГИФИХ);
- Синдикат на работниците од шумарство, дрвна индустрија и енергетика на РМ;
- Синдикат на финансиските дејности на Македонија (СФДМ);
- Синдикат на одбраната и безбедноста (СОБ).

3. ССМ може да има придружни членки:синдикати и асцијации на пензионери

- синдикати и асоцијации на студенти
- и други асоцијации

Придружното членство во ССМ се регулира со посебен договор склучен од страна на Претседателството на ССМ (во понатамошниот текст: Претседателството), и придружната членка.

4. ССМ има програма за работа.

5.ССМ е самостоен и независен од државните органи, работодавачите, политичките партии, верските заедници и другите организации.

6. ССМ се залага за изградба на социјална, правна и демократска држава, за социјална правда, солидарност, хуманост и социјален и економски развој.

7. Работниците доброволно се зачленуваат во синдикатите.

8. Синдикатите здружени во ССМ се должни да го почитуваат Статутот на ССМ и да ги спроведуваат неговите одлуки.
Статутите и другите акти на синдикатите не можат да бидат во спротивност со овој Статут.

9. ССМ, во остварување на своите цели и задачи ги користи сите средства и форми на синдикална борба во рамките на Уставот и законите на државата, овој Статут и

општоприфатените стандарди и норми на меѓународното право (конвенции и препораки), особено оние што се однесуваат на остварувањето на правата на работниците и нивното организирање во синдикати.

## II. ИМЕ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, АМБЛЕМ И ЗНАМЕ НА ССМ

Член 2

1. Полното име на организацијата е: "Сојуз на синдикатите на Македонија".

Скратено име на Сојузот на синдикатите на Македонија е ССМ и ќе се употребува во натамошниот текст.

Во меѓународната комуникација, ССМ го користи називот:

„FEDERATION OF TRADE UNIONS OF MACEDONIA (CCM)“.

2. ССМ е правно лице.

3. Седиштето на ССМ е во Скопје, „12-та Македонска ударна бригада”, бр. 2-А.

4. Симболи на ССМ се: знак, грб и знаме.

Знакот е стилизација на трите почетни букви, со сина боја, и гласи: ССМ.

Грбот на ССМ има форма на елипса која ја содржи стилизацијата на знакот. Основата на грбот е со жолта боја, а ознаката е со сина боја, дел од последната буква излегува надвор од линијата на елипсата.

5. Знамето на ССМ е црвено, со грбот во средина, димензиите на знамето се во сооднос 1:2.

6. Печатот на ССМ е тркалест и го содржи следниов назив: „Сојуз на синдикатите на Македонија, Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија - Скопје”. Во средината на печатот се наоѓа грбот на ССМ - амблемот на ССМ.

7. Димензиите на печатот се: 38 мм.

## III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ССМ

Член 3

Основни цели и задачи на ССМ се:

1. Во општествено-политичката област:

- изградба и обезбедување демократска, правна и социјална држава;

- следење на спроведувањето на законите и другите прописи што се однесуваат на правата на работниците и колективните договори и применување на меѓународните конвенции, директиви и други препораки.

- институционално остварување на уставното право на управување и учество во одлучувањето врз основа на трудот;

- застапување на заедничките интереси на работниците во институциите на системот со директно учество или преку поднесување барања, иницијативи, предлози и мислења и со директно учество;

- остварување и унапредување на образовните, културните и научните интереси на работниците.

2. Во економско-социјалната област:

- економско-материјална сигурност и подобрување на општествено-економската и социјалната положба на работниците, економски развој, економска и социјална политика и политика на плати;

- утврдување на колективното договарање на ниво на држава;

- учество во подготовката на закони од социјално-економската сфера преку соодветни институционални форми на дејствување;

- подобрување на условите за работа, животната средина и здравјето на работниците;

- заштита при работа и правата стекнати врз основа на работа;

- вработување и материјално обезбедување за време на невработеност;

- пензиско, инвалидско и здравствено осигурување;

3. Во синдикалното организирање и дејствување:

- развивање на ССМ како организација на здружените синдикати;

- изградување на заедничка стратегија на дејствување на ССМ;

- развој на меѓусебна солидарност, единство и координација меѓу здружените синдикати во ССМ; ;

- остварување заштита на синдикалните права и слободи и независност на синдикалното движење;

- користење на средствата на синдикална борба, вклучувајќи го и правото на протест и штрајк.

- правна заштита од работен однос преку застапување на членовите на синдикатите пред надлежните судски и други институции;

- заштита од било која форма на притисок и дискриминација, а особено врз основа на национална, верска, сексуална, полова, партиска и друга припадност;

- развивање и остварување на синдикалното образование и обука;

- развивање меѓународна синдикална соработка врз основа на заедничка платформа;

- развивање на соработката со синдикатите во земјата и странство;

- обезбедување јавност во работењето и развивање информативно-пропагандни активности и афирмација на синдикалната политика и активност во пошироката јавност;

- остварување други заеднички цели и интереси.

## IV. ЧЛЕНКИ НА ССМ

Член 4

1. Членка на ССМ може да биде синдикат кој го прифаќа Статутот и Програмата на ССМ. Прием во ССМ се врши по барање на Синдикатот. Со барањето до ССМ, Синдикатот доставува: Одлука, Статут и Програма.

2. Одлука за прием во ССМ носи Советот на ССМ (во натамошниот текст: Советот), откако ќе утврди дека Статутот, Програмата и дејствувањето на Синдикатот е во согласност со целите утврдени во Статутот и Програмата на ССМ.

3. Барањето за прием во ССМ ќе биде одбиено доколку Статутот и Програмата на Синдикатот се спротивни на интересите и целите утврдени во Статутот и Програмата на ССМ.

4. Пред донесување на одлуката за прием во ССМ, Советот врши консултација со сите синдикати-членки на ССМ.

5. Синдикатот-членка на ССМ ќе биде суспендиран во период од 3 месеци ако:

- не го почитува Статутот и Програмата на ССМ и не ги спроведува одлуките на органите на ССМ;

- не ја почитува одлуката за финансирање на ССМ;

- не се легитимира во ССМ со доставување на список на членови на синдикатот кои плаќаат членарина заверен од страна на овластен претставник на синдикатот и работодавачот.

За суспендирањето на синдикатот-членка, Претседателството носи Одлука со којашто покрај другото, задолжително се определува причината/причините за суспендирањето, се наведуваат обврските, и рокот во којшто синдикатот-членка е должен да ја отклони причината/причините и достави до Претседателството соодветни докази за исполнетите обврски. Одлуката по писмен пат се доставува до синдикатот-членка.
Претставникот/претставниците на суспендираниот синдикат-членка, за времетраењето на суспензијата имаат право да учествуваат на седниците на органите но без право на глас.
Суспендирањето влијае врз потребното мнозинство при одлучувањето на органите, односно потребното мнозинство соодветно се намалува за суспендираниот синдикат-членка.“
Ако синдикатот-членка, до истекот на суспензијата достави до Претседателството соодветни докази за исполнување на обврските, Претседателството носи Одлука за прекин на суспензијата.
Ако до истекот на суспензијата, синдикатот-членка не достави до ССМ соодветни докази за исполнување на обврските, синдикатот членка може до Претседателството да достави образложено Барање за продолжување на траењето на суспензијата. Во тој случај, Претседателството во рок од 30 дена од доставеното Барање, ја оценува оправданоста на Барањето и доколку констатира дека Барањето е оправдано, донесува Одлука за продолжување на суспензијата но не подолго од 45 дена. Ако Претседателството констатира дека Барањето е неоправдано, со Одлука го отфрла Барањето и му предлага на Советот, синдикатот-членка да биде исклучен од членство во ССМ.
6. Одлука за исклучување на синдикат-членка од ССМ донесува Советот со мнозинство од членовите.

Пред донесување на одлуката за исклучување, претставници на Претседателството, на барање на синдикатот-членка, пред неговите органи ги образложуваат причините за носењето на одлуката.

7. Синдикатот-членка кој е исклучен од ССМ во рок од 1 месец од приемот на одлуката, може да поднесе барање до Советот за преиспитување на одлуката.

Синдикатот-членка кој од објективни причини не е во можност да ја почитува одлуката за финансирање на ССМ, може да поднесе барање до Претседателството да не биде исклучен од ССМ.

Врз основа на солидарност, барањето може да биде прифатено, но за период не подолг од 3 месеци.

Пред донесувањето на одлуката за прифаќање на барањето на синдикатот, Комисијата за уплата на членарината од синдикатите-членки во ССМ, формирана од Претседателството, ќе изврши увид за уплатената членарина на синдикатот-членка во ССМ и ќе изготви Извештај којшто го доставува до Претседателството.

Доколку не се прифати барањето на синдикатот-членка и се донесе одлука за негово исклучување од ССМ, синдикатот-членка не се ослободува од обврските кои произлегуваат од одлуката за финансирање на ССМ.

8. Синдикат-членка може да истапи од ССМ со претходно подмирување на сите обврски кон ССМ.

Одлука за истапување на синдикат-членка од ССМ, а врз основа на претходно спроведена расправа, носи органот утврден со статутот на синдикатот-членка. Синдикатот-членка, е должен за расправата да го извести Претседателството коешто задолжително определува најмалку двајца претставници кои ќе присуствуваат на расправата.
9. Со истапувањето или исклучувањето на синдикатот-членка, престануваат сите права на членката согласно овој Статут-просторни, материјални, технички, итн.

10. Условите и постапката за прием во и исклучување од ССМ се доуредува со посебен Правилник донесен од страна на Советот врз основа на предлог од Претседателството.

11. Синдикатите-членки коишто самостојно повеќе не можат да ги изразат своите цели и интереси, заради остварување на истите и учество во органите и телата на ССМ, можат меѓусебе доброволно да се здружуваат во рамките на ССМ.

## V. ЧЛЕНАРИНА И СИНДИКАЛЕН ИМОТ

Член 5

1. Членарината е основен извор на приход и финансирање на дејноста на синдикатите-членки и ССМ. ССМ може да се финансира од закупнина и од други извори.

2. Членарината која се уплаќа од Гранските синдикати здружени во ССМ, изнесува 10 денари по член согласно утврдена Репрезентативност или легитимирање во

ССМ со доставување на список на членови на синдикатот кои плаќаат членарина заверен од страна на овластен претставник на синдикатот и работодавачот.

Во специфични случаи, Претседателството има овластување да го намали износот на членарината но не помалку од 6 денари по член.
Синдикатите-членки, се должни најдоцна до 30 Ноември секоја година, писмено да го известат претседателството на ССМ за бројот на нивното членство што ќе биде основа за износот на нивната обврска за плаќање на членарината кон ССМ.
Секој синдикат којшто има 2 но помалку од 4 месечни рати заостанат долг на неплатена членарина, може да присуствува на работата на органите на ССМ, но без право на глас. Синдикатите со заостанат долг за членарина до 8 месечни рати, немаат право да присуствуваат на работата на органите на ССМ. Синдикатите коишто должат повеќе од 8 неплатени месечни членарини, се сметаат за синдикати коишто се повлекле/истапиле од членство во ССМ.
3. Во ССМ може да се развиваат претприемнички односи и врз тие основи да се формирааат фондови за посебни намени кои функционираат врз начелото на солидарност. ССМ и синдикатите можат самостојно или со други субјекти да основаат синдикални трговски друштва, задруги, штедилници или банки.

4. Материјално-финансиските работи во ССМ се водат согласно позитивните законски прописи.

5. Синдикалниот недвижен и друг имот не може без надоместок да се даде на користење на субјекти надвор од ССМ. Одлука за условите за давање на користење донесува Претседателството.

6. Преносот на основните средства, недвижниот имот и инвентарот меѓу ССМ и синдикатите-членки, како и отуѓувањето на средствата се врши во согласност со позитивните законски прописи.

## VI ОРГАНИ НА ССМ

Член 6

Органи на ССМ се:

- Конгрес;
- Совет;
- Претседателство;
- Надзорен одбор.

Мандатот на претседателот, сите избрани и именувани функционери и членовите на органите на ССМ, трае пет години.

Мандатот на лицата од претходниот став, односно претходниот состав избран на претходниот конгрес или избран или именуван од страна на Советот во меѓуконгресниот период, престанува во моментот на изборот или именувањето на новиот состав од страна на Конгресот или од страна на Советот во меѓуконгресниот период.

Во случај кога од било кои причини, Конгресот или Советот во меѓуконгресниот период, не извршиле избор на новиот состав, мандатите на лицата од претходниот состав продолжуват се до изборот на лицата од новиот состав.

Мандатот на членовите на органите и носителите на функции во ССМ и синдикатите, во услови кога е прогласена воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.)  во годината во која согласно Сататутот на ССМ се спроведуваат изборни активности и се одржува Конгрес на ССМ и истиот од такви причини неможе да се одржи, се продолжува најмалку за времетраењето на прогласената  воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.), се додека не се создадат соодветни услови и се одржи Конгрес на ССМ.

**КОНГРЕС**

Член 7

1. Конгресот е највисок  орган на ССМ.

2. Конгресот е составен од делегати на синдикатите-членки и нивниот број се определува во согласност со одредбите од глава 5 точка 2 од овој Статут, врз основа на нивната уплатена членарина:

До 1.000 членови  1 делегат,
Од 1.001 до 2.000 членови 2 делегати,
Од 2.001 до 3.000 членови 3 делегати,
Од 3.001 до 4.000 членови 4 делегати,
Од 4.001 до 5.000 членови 5 делегати,
Од 5.001 до 6.000 членови 6 делегати,
Од 6.001 до 7.000 членови 7 делегати,
Од 7.001 до 8.000 членови 8 делегати,
Од 8.001 до 9.000 членови 9 делегати,
Повеќе од 9.000 членови 10 делегати.

Делегати на Конгресот се и делегатите коишто се избрани од синдикатот кој станал членка на ССМ во меѓуконгресниот период и кој уплатил членарина согласно глава 5. точка 2 од овој статут, но не пократко од 24 месеци.

Делегати по функција се: членовите на Советот, Надзорниот одбор, Претседателството, претседателот на секцијата на жени и претседателот на секцијата на млади и истите учествуваат во работата на Конгресот без право на одлучување.

Конгресот го отвора претседателот на ССМ.

3.Конгресот донесува Деловник за работа и избира Работно Претседателство.

Со работата на Конгресот раководи Работното претседателство.

За расправата и одлуките се води записник.

4. Конгресот ги има следниве задачи:

- донесува Програма за работа и Статут на ССМ;
- усвојува извештаи за работа, извештаи за материјално-финансиско работење на ССМ во меѓуконгресниот период;
- ги разрешува членовите на органите;
- го верифицира мандатот на членовите на Советот на ССМ;
- го верифицира мандатот на членовите на Надзорниот одбор;
- избира претседател на ССМ.

5. Конгресот по правило се одржува еднаш на пет години.

(1) Претседателството е должно најмалку 120 дена пред истекот на пет години од одржувањето на претходниот конгрес, до Советот да достави Предлог за датум, место и дневен ред за одржување на Конгресот.

(2) Одлука за датумот и местото на одржување на Конгресот донесува Советот во рок од највеќе 30 дена од денот на доставувањето на Предлогот од ставот (1).

(3) Датумот на одржување на Конгресот не може да биде пократок од 60 дена, ниту подолг од 90 дена, од денот на донесувањето на Одлуката од ставот (2).

(4) Со донесувањето на одлуката на Советот за избор на делегати на претстојниот Конгрес престануваат мандатите на делегатите верифицирани на претходниот

конгрес, и истовремено отпочнувваат мандатите на делегатите избрани за претстојниот Конгрес.

6. Во меѓуконгресниот период, а најмалку 360 дена пред истекот на мандатот на органите, претседателот и носителите на функции на ССМ од претходно избраниот состав, може да се свика Конгрес врз основа на образложен предлог од страна на Претседателството, со одлука на Советот, кога тоа го бараат синдикатите-членки кои организираат 2/3 од членството кои редовно уплаќаат членарина во меѓуконгресниот период.

Иницијатива за одржување на Конгрес во меѓуконгресниот период се поднесува кога предлагачите оцениле дека настанале услови поради кои не се спроведуваат Програмата и Статутот и не се остваруваат заедничките програмски цели и задачи.

Поднесувачите на иницијативата за одржување на Конгрес во меѓуконгресниот период предлагаат конкретен и јасно дефиниран дневен ред со образложение. Иницијативата се поднесува до Претседателството и Советот.

При изборот на делегати, синдикатите-членки задолжително се грижат да биде запазен еднаков процент на родова застапеност.

Иницијативата за Конгрес во меѓуконгресниот период што не е прифатена може да се повтори за истото прашање во рок не пократок од 360 дена.

Во услови кога е прогласена воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.) во годината во која согласно Сататутот на ССМ се спроведуваат изборни активности и се одржува Конгрес на ССМ, одржувањето на Конгрес на ССМ се одлага, а Конгрес на ССМ ќе се одржи кога ќе престане прогласената воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.)“, односно кога ќе се создадат соодветни услови за тоа.

**СОВЕТ НА ССМ**

Член 8

1. Советот на ССМ е највисок орган на ССМ меѓу два конгреса.2.Советот го сочинуваат членови избрани од синдикатите-членки, а Конгресот ги верифицира нивните мандати. Измени на членовите на Советот вршат органите на синдикатите-членки согласно нивните акти.

Претседателот на ССМ и секретарот на Советот по функција се членови на Советот.

Членовите на Претседателството учествуваат задолжително во работата на Советот.

3. Бројот на членовите на Советот го утврдува Советот врз основа на членарината што синдикатите редовно ја уплаќаат во ССМ во текот на меѓуконгресниот период и врз таа основа на бројот на членовите на синдикатите-членки што ги имаат пријавено во Советот и во Министерството за труд и социјална политика, до денот на донесувањето на одлуките за бројот, составот и начинот на изборот на органите на ССМ.

Секој синдикат-членка има право на еден член во Советот, како и дополнителен број на членови согласно претходниот став.

4. Функции на Советот:

- дејствува по Програмата за работа усвоена на Конгресот и е одговорен за нејзиното спроведување;
- донесува годишна акциона програма;
- ги застапува заедничките интереси на синдикатите-членки пред државните органи, организации и институции;
- ги разгледува прашањата од економскиот и политичкиот развој во државата кои се релевантни за синдикатите;
- ги разгледува општите прашања поврзани со социјалната и материјалната положба на членовите на ССМ;
- ги разгледува иницијативите и предлозите од Претседателството, и органите на синдикатите-членки;
- меѓу два конгреса го верифицира мандатот на членовите на: Советот и Надзорниот одбор за кои настанала измена;
- утврдува предлог за претседател на ССМ по предлог на Претседателството;
- избира секретар на Советот на ССМ по предлог на Претседателството;
- избира потпретседатели на Советот на ССМ по предлог на Претседателството;

- во периодот меѓу два конгреса ако по било која основа функцијата претседател на ССМ се упразни, со одлука на Советот се именува вршител на должност претседател од членовите на Претседателството за период од 2 месеци. Во овој период се свикува Конгрес во меѓуконгресниот период на кој се избира претседател на ССМ.

- донесува Деловник за својата работа, критериуми за предлагање и избор на членови на органите на ССМ.

- донесува план на приходи и расходи;

- по потреба формира солидарен фонд и фонд за генерални протести и штрајкови;

- ги разгледува годишните извештаи на Надзорниот одбор и предлага соодветни мерки;

- распишува избори во ССМ;

- донесува одлука за место, датум и дневен ред за одржување на Конгрес на ССМ;

- одлучува за други прашања од својот делокруг на работа;

- врши измени и дополнувања на Статутот на ССМ до 1/3 од одредбите;

- донесува одлука за организирање на протест и генерален штрајк.

5. Советот може да формира совети, комисии и други тела за одделени области и активности.

6. Претседателите на Секцијата на жени и Секцијата на млади по функција се членови на Советот на ССМ.

7. За остварување на функциите за кои е надлежен, Советот е одговорен пред Конгресот.

8. Советот работи на седници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ССМ**

Член 9

1. Претседателството го сочинуваат претседателот на ССМ, секретарот на Советот на ССМ и претседателите на синдикатите-членки.

2. Задачи и надлежности на Претседателството се:

- ги презема сите потребни активности за реализација на Програмата и Статутот на ССМ;

- донесува ставови и одлуки за кое е надлежно и подготвува предлог-одлуки и други документи за кои е надлежен Советот;

- ја координира активноста на ССМ и синдикатите на сите нивоа кога се работи за заеднички задачи;

- Претседателство го информира Советот за својата работа;

- до Советот дава предлози за кандидат за претседател на ССМ, секретар на Советот и потпретседатели;

- предлага дневен ред на Советот;

- до Советот предлага измени и дополнувања на Статутот на ССМ;

- ја организира правната заштита на ниво на ССМ;

- редовно ги следи економските, социјалните и други прашања за положбата на членството и сите работници и презема конкретни активности;

- ги разгледува иницијативите на синдикатите и по своја проценка ги внесува во процедура;

- го утврдува текстот и дава согласност за потпишување на општите колективни договори;

- донесува одлука за внатрешно организирање на ССМ;

- обезбедува и реализира соработка на ССМ со домашни и други меѓународни синдикални организации и асоцијации и невладиниот сектор за остварување на заеднички цели и задачи;

- организира оспособување и образование на синдикални претставници;

- врши именување, дава согласност за именување и избор и врши разрешување согласно овој Статут;

- врши именување и разрешување на управителите на трговски друштва, задруги, штедилници, банки, и др. основани од ССМ;

- го организира финансиското работење во ССМ, се грижи за синдикалниот имот и ги разгледува и усвојува извештаите на Надзорниот одбор;

- ја организира работата на Стручната служба во ССМ;

- ја организира информативната дејност на ССМ;

- им поднесува предлози и барања од својата надлежност на државните органи, други државни институции и организациите на работодавачите како социјални партнери за закони и други акти кои се однесуваат на материјално-социјалната положба на работниците;

- донесува правилници и акти и Кодекс на однесување;

- формира комисии и тела по одредени прашања;

- врши и други работи што ќе му ги довери Советот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ССМ**

Член 10

1. Претседателот на ССМ го претставува и застапува ССМ. Истовремено е претседател на Претседателството и Советот.

Претседателот раководи со седниците на Претседателството.

2. Задачи и надлежности на претседателот:

- ги координира активностите и е одговорен за утврдување, усогласување и спроведување на политиката и ставовите од заеднички интерес со синдикатите;

- ги спроведува одлуките, заклучоците и ставовите на органите на ССМ;

- предлага мерки и решенија, контактира и договара преговори со претставниците на државните органи и работодавачите;
- ги потпишува актите на органите на ССМ;

- ги потпишува Општите колективни договори;

- по барање на синдикатите-членки учествува во работата на органите и телата на синдикатите;

- пред органите на синдикатите-членки покренува иницијативи за прашања од интерес за ССМ;

- ја следи и спроведува утврдената политика и донесените акти на органите и телата на ССМ;

- дава предлози за избор, именување и разрешување;

- врши именување и разрешување во ССМ, согласно актите на ССМ;

- извршува и други задачи во согласност со Програмата и Статутот.

**СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ НА ССМ**

Член 11

Секретарот на Советот го избира Советот.

Задачи и надлежности на секретарот на Советот се:

- ја организира работата на Претседателството и Советот;

- го следи спроведувањето на утврдената политика и актите на органите и телата на ССМ;

- организира и остварува контакти и комуникации со институциите на системот, невладини институции и организации, како и со организации на работодавачите во остварувањето на договорени активности од органите на ССМ;

- одговорен е за функционирањето и координирањето на работата на Стручната служба во Советот;

- ја координира работата на организационите делови на ССМ и територијата;

- извршува и други задачи во согласност со Програмата и Статутот.

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОВЕТОТ НА ССМ**

Член 12

Потпретседателите на Советот се избираат од редот на претседателите на синдикатите-членки.

Потпредседателите на Советот не може да се избираат од редот на синдикатите кои:

- не го почитуваат Статутот и Програмата на ССМ и не ги спроведуваат одлуките на органите на ССМ;
- не се легитимирале во ССМ со доставување на список на членови на синдикатот-членка кои плаќаат членарина заверен од страна на овластен претставник на синдикатот-членка и работодавачот;
- не ја почитуваат Одлуката за финансирање на ССМ;

Потпретседателите на Советот ги избира Советот.

Бројот, составот и домените на активностите на потпретседателите се утврдува од страна на Претседателството на предлог на претседателот на ССМ;

Потпретседателите на Советот во рамките на своите надлежности може да ги координираат и организираат активностите од нивниот домен на работа согласно одлуката донесена од страна на Советот.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Член 13

1. Надзорниот одбор врши надзор и контрола во остварувањето на политиката на финансирањето на ССМ, распределбата и употребата на материјално-финансиските средства со кои располага ССМ.

2. Надзорниот одбор се состои од 5 члена и 5 заменици кои ги избираат синдикатите-членки согласно Одлуката на Советот на ССМ за бројот и составот на Надзорниот одбор, а Конгресот врши верификација.

3. Врши контрола и ревизија на вкупното финансиско работење, примената на одлуките, правилникот, податоците на книговодствената евиденција и сите позитивни прописи за прибирање и користење на средства. За извршената ревизија се составува записник и истиот се доставува до Претседателството.

4. Надзорниот одбор има право и без претходно најавување да изврши контрола на финансиското работење.

5. Органите на ССМ се должни да овозможат увид во документацијата за целокупното материјално и финансиско работење.

6. Надзорниот одбор учествува во работата на Конгресот и до Конгресот поднесува извештај за својата работа.

7. Надзорниот одбор контролата/ревизијата ја извршува најмалку еднаш годишно, а пред разгледувањето на годишната сметка на ССМ за претходната година. Записникот за извршената контрола/ревизија, задолжително содржи констатации за финансиските ефекти од прибирањето и користењето на средствата, усогласеноста на работењето на ССМ со прописите и доколку се констатирани било каков вид на неуредности или причинета штета, предлог/предлози за надминување на состојбите.
Надзорниот одбор Записникот од извршената контрола/ревизија на годишната сметка го доставува до Претседателството најдоцна до 10 февруари во тековната година.
За извршената вонредна контрола/ревизија, Записникот се доставува до Претседателството во рок од 5 дена од нејзиното завршување.

## VII. ТЕРИТОРИЈАЛНА ОРГАНИЗИРАНОСТ НА ССМ

Член 14

1. За остварување на заедничките синдикални цели и задачи на територијата на државата, ССМ формира регионални синдикални претставништва.

2. Регионалните синдикални претставништва се формираат со одлука на Претседателството.

3. Регионалните синдикални претставништва може да имаат подсметка за што одлука носи Претседателството.

4. Регионалното синдикално претставништво има секретар.

- Претседателот на ССМ предлогот за секретари на регионалните синдикални претставништва го оформува во договор со синдикатите-членки;

- Разрешување на секретарите на регионалните синдикални претставништва се врши по предлог на претседателот на ССМ, а по оценка на Претседателството;

5. Задачи на Регионалното синдикално претставништво:

- го застапува ССМ на регионот;

- ја спроведување политиката, ставовите и задачите на ССМ и синдикатите-членки;

- ги спроведува и координира активностите на синдикатите-членки и остварувањето на солидарноста меѓу нив за поддршка на заедничките барања и активности;

- дава правна помош и заштита на правата на членството на синдикатите-членки;

- ги зачленува незачленетите работници во соодветните синдикати;

- врши и други работи кои му ги доверуваат органите и телата на ССМ и синдикатите-членки.

## VIII. ВНАТРЕШНИ ОДНОСИ, ОДЛУЧУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ

Член 15

1. ССМ и синдикатите-членки дејствуваат врз принципите и одредбите на овој Статут и своите статути во согласност со одлуките на Конгресот и своите највисоки органи.

2. Органите на ССМ во постапката на изградување на ставовите и донесување на одлуките поаѓаат од предлозите на синдикатите-членки, а спроведувањето на усвоените ставови и одлуки е задолжително за синдикатите-членки и регионалните синдикални претставништва.

3. Органот може да работи ако во неговата работа учествуваат мнозинството (1/2 + 1) од членовите на органот и одлуките се носат со 2/3 од присутните членови на органот.

Органот може да работи ако во неговата работа учествуваат мнозинството од членовите на органот и одлуките се носат со 2/3 од присутните членови на органот и со одржување на седници преку употреба на електронски, информатичко - технолошки алатки, или со комбинирано учество што се регулира со Деловниците за работа на органите на ССМ.

4. Со мнозинство (1/2+1) од членовите на органот се донесуваат одлуки за: колективно договарање; генерален штрајк; заеднички акции или други форми на јавен притисок, а заради заштита на економските и социјални интереси; членарина и имот; измени и дополнување на Статутот; прием на нова членка во ССМ и исклучување на синдикат-членка од членство во ССМ.

5. Органите се должни најдоцна во рок од 3 месеци да решаваат за иницијативите на синдикатите-членки.

6. Сите членови на органите и носителите на функции сносат поединечна одговорност, сменливи се, можат да се отповикаат, подлегнуваат на постапка на укажување на доверба и можат да бидат разрешени.

7. Органите и носителите на функции на ССМ се изборни. Изборите во ССМ се спроведуваат врз демократски принципи со тајно или јавно гласање.

За начинот на гласање (тајно, јавно или со лично изјаснување), одлучува органот со просто мнозинство, односно со повеќе од половината гласови од присутните членови на органот.

Ако не се добие потребното мнозинство гласови, се определува пауза, се вршат консултации помеѓу членовите на органот и се одржува втор круг на избор при што е избран оној кандидат кој добил најголем број гласови од присутните членови на органот. Во случај на еднаков број на гласови се повторува изборот.

8. Сите функции во ССМ, по правило, се извршуваат професионално.

9. Во текот на мандатниот период, членовите на органот можат да бидат заменети со нови членови.

10. Мандатот на членовите на органите и носителите на функции во ССМ и синдикатите-членки трае 5 години.

11. Органите на ССМ донесуваат Деловник со кој поблиску се регулира начинот на нивната работа.

12. По завршувањето на изборните функции во ССМ и синдикатите, можноста за остварување на правата од работен однос се регулира со посебна одлука на Претседателството на ССМ.

Член 16

1. На претседателот, секретарот и потпретседателите на Советот на ССМ и другите носители на функции, функцијата им престанува со:

- разрешување;
- поднесување оставка;
- со отповикување од својство на член на органот во кој ја врши функцијата;

2. Разрешување од функцијата се врши во случај кога носителот на функцијата не е во можност да ја извршува во период подолго од 6 месеци.

3. Претседателот на ССМ, секретарот на Советот и потпретседателите оставка поднесуваат пред Советот на ССМ.

4. Со одлука за прифаќање на оставката на претседателот на ССМ, по предлог на Претседателството, Советот именува вршител на должност од членовите на

Претседателството на ССМ за период од 60 дена. Во овој период се свикува Конгрес во меѓуконгресниот период на кој се избира претседател на ССМ.

Доколку настане промена во вршењето на функцијата претседател на ССМ една година пред одржувањето на редовниот Конгрес, функцијата вршител на должност се извршува до неговото одржување.

5. Предлог за отповикување од функција може да поднесат синдикатите кои организираат една половина од членството на ССМ и една половина од членовите на Советот на ССМ.

Ако согласно оваа точка, биде отповикан претседателот на ССМ или повеќе од половината членови на Претседателството или Советот, се применуваат одредбите од точката 4 од овој член.

6. Членувањето во органите на ССМ престанува заради:

- отповикување;
- поднесување оставка.

7. Отповикувањето на членот на органот на ССМ предложен од страна на синдикатите во согласност со статутот на Синдикатот.

Отповикувањето може да биде иницирано и на предлог на органот на ССМ до Синдикатот.

8. Отповикувањето од точка 7 се врши во следниве случаи:

- ако дејствува спротивно на Статутот и Програмата на ССМ;
- ако во ССМ и Синдикатот дејствува од партиски позиции;
- непочитување или неизвршување на одлуките на органот;
- учество во активности што водат кон разбивање на ССМ и Синдикатот или поттикнување на такви активности.
- ако неоправдано не учествува во работата на повеќе од 3 седници на органите на ССМ;

## IX. ПОСРЕДУВАЊЕ И АРБИТРАЖА

Член 17

1. Во случај на спор за суштествени прашања за кои не можат да се усогласат ставовите меѓу два или повеќе синдикати-членки, меѓу еден или повеќе синдикати-членки и ССМ, Претседателството организира посредување.

2. Во случај на спор помеѓу еден или повеќе синдикати и ССМ кој не може да се реши по редовна постапка, со договарање или со посредување, за него се одлучува во постапка на арбитража.

3. По образложено писмено барање од страна на синдикатите-членки, претседателот или секретарот на ССМ, во рок од 7 дена, Претседателството формира Комисија за посредување, односно Комисија за арбитража.

Комисијата за посредување, односно Комисијата за арбитража е составена од 5 члена и 5 заменици и одлуките ги носи со мнозинство од членовите.

4. Во случај посредувањето да не успее, решавањето на спорот го презема Комисијата за арбитража и нејзината одлука е конечна и задолжителна за учесниците во спорот. Одлуката мора да се донесе во рок од 90 дена од поднесувањето на предлогот.

5. Постапката и начинот на решавање на споровите со посредување и преку арбитража се регулира со посебен правилник на Претседателството.

## X. ФОНДОВИ ВО ССМ

Член 18

1. Во ССМ може да се основа солидарен фонд и фонд за генерални протести и штрајкови.

2. За фондовите ќе се обезбедуваат средства од членките на ССМ, како и од: донации, подароци, спонзорства и други извори на финансиски средства.

3. Советот носи одлука за формирање на фондовите, како и правилник и критериуми за нивното користење.

## XI. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 19

1. ССМ го информира членството и јавноста за ставовите, одлуките и акциите преку информативни гласила, јавните средства за информирање и други начини.

2. Претседателството ја утврдува формата и концепцијата на информирањето.

## XII. СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 20

1. Во ССМ е формирана Стручна служба за извршување на стручните и административно- техничките работи на ССМ.

2. Претседателството со синдикатите-членки се договара за вршење на определени стручни, административно- технички и финансиски работи.

3. Правата, обврските и одговорностите на вработените во Стручната служба на ССМ се регулираат со Колективен договор. Колективниот договор го склучува Претседателството и Синдикалната организација на ССМ.

4. Синдикалната организација на ССМ до Претседателството може да достави образложен предлог за отпочнување на преговори за склучување Колективен договор.
Претседателството во рок од 30 дена од приемот на предлогот е должно со Одлука да определи лица овластени за водење преговори.
Овластените лица се должни да ги отпочнат преговорите во рок од најмногу 20 дена од денот на донесувањето на Одлуката.

## XIII. ПРЕСТАНОК НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 21

1. ССМ може да престане да работи со укинување. Одлука за укинување донесува Конгресот кој се свикува само за оваа точка од дневниот ред. Одлуката е полноважна ако за тоа се изјаснат 4/5 од делегатите на Конгресот.

2. Конгресот кој донесува одлука за укинување на ССМ истовремено решава за правното наследство на имотот и средствата на ССМ.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

1. Статутот на ССМ стапува во сила од денот на неговото донесување.

2. Во статутите на синдикатите-членки се утврдува обврската дека ќе се придржуваат до Статутот на ССМ и ќе ги спроведуваат одлуките на органите на ССМ.
3. Со донесувањето на овој Статут, престануваат да важат Статутот на ССМ бр. 0702-441/1 од 19.12.2013 година и сите негови измени и дополнувања.

Член 23

Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија се објавува на ВЕБ- страницата на ССМ.

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

20 КОНГРЕС